*Универзитет „Гоце Делчев“ Штип*

# За некои воспитни цели  во наставата-социо-културен проблем или предизвик на современото воспитание и образование

*24-25.09.2015*
*Штип*

*Проф.д-р Снежана Мирасчиева*
*Факултет за образовни науки*

Ориентацијата кон учење во текот на целиот живот претпоставува темелна реконструкција во етапата на формирање на младата личност во насока на компатибилност со општество кое учи. Во услови на брзи промени како што е денес, се мултиплицираат можностите за стекнување на знаење со што се поставуваат нови барања пред воспитно-образовниот процес, барања за трансформација и модернизација во склад со современите концепции на учење и образование.

Учењето е клуч за богатење на животот на поединецот и просперитет на заедницата. Да се научи како да се учи, да се прилагоди на промените и да се осмисли протокот на информации, денес се општи вештини кои треба секоја индивидуа да ги поседува. За да се постигне таа цел, потребно е формирање на навики за работа а со тоа и работна култура.

# Социокултурна димензија на проблемот на воспитување на учениците во контекст на работната култура

- Зошто процесот на формирање работни навики е социокултурен проблем?!
- Имено како процеси и истовремено продукти на процесот, воспитанието и образованието се дел од сетот инструменти за развој и формирање на младата личност и оспособување за живот и работа во општествената заедница. Современото општество и покрај степенот на развој на кој се наоѓа преферира прогрес во континуитет а со тоа поставува нови барања и потреби. Промените во општеството ги менуваат облиците и содржините и на културата на живеење а со тоа и на сите субкултури меѓу кои и работната култура. Аналогно на тоа, воспитанието и образованието се димензионираат во насока на модернизација со цел да одговорат на потребите на општеството.

- Имајќи ја во предвид, улогата на воспитанието и образованието димензионирано во рамките на современост, воспитувањето на учениците во контекст на работната клутура во услови на силна доминација на компјутерската технологија и глобалните мрежи, формирањето на работни навики е силен предизвик. Можеби станува збор за „стихијна борба“ меѓу традиционалното и современото на еден простор и во едно време.
- Традиционално е затоа што воспитувањето на учениците во контекст на работната култура преку формирање на работни навики е цел на воспитанието и образованието во сите општествени заедници без оглед на нивната историска димензија.
- Современо е бидејќи поставеноста на околностите во кои се реализира и изразува го следат трендот на развој на целокупната општествена поставеност вклучувајќи ја техничко-технолошката страна на тој развој.

*Затоа воспитувањето на учениците во контекст на работната култура преку формирање на работни навики е предизвик на современото воспитание и образование.*

# Работните навики  како дел и израз на работната култура

# ЗОШТО ?




1. РАБОТА

2. Работни навики



3



4

Навиките претставуваат

- востановен начин на движење и однесување;
- автоматизирани волеви активности кои во почетокот на формирањето се вршат под целосна контрола на свеста, а постепено низ вежбањето, контролата на свеста се намалува;
- се стекнуваат со учење, се формираат со повторување на целноориентирани активности;

**Колку навиката е развиена зависи од количината на вежбите потребно за нејзино формирање и од мотивираноста на субјектот да развие одредена навика.**

Работните навики се збир на навики неопходни за вршење на човековата работа.

Општи работни навики: организираност, систематичност, среденост и уредност на работното место.

Специјални работни навики: оспособеност за ракување со одредени машини, алатки поврзани со одреден вид човекова работа.

*(Педагошки лекискон,1996,421)*

# Работните навики се составен дел на работната култура на човекот.

- Работната култура во основа го обликува однесувањето на индивидуата бидејќи во себе ги опфаќа системот на вредности, ставовите, мислењето, искуствата, очекувањата, воспитанието и навиките на поединецот.
- Се формира во заедница со другите, трансформирајќи се во збир на одредени правила (во главно непишани).
- Работната култура не е лесно да се изгради затоа што се формира постепено и за неа се потребни многу зборови, дела, модели на однесување и акција.
- Таа е долготрајна и тешко може да се промени.
- Еден од клучните фактори за развој на работните навики е мотивацијата за работа.

**Не треба да се заборави дека:**

- Никој не се раѓа со работни навики. Тие треба и мора да се развиваат;
- Нема мрзеливи луѓе, туку само луѓе кои немаат мотивација за работа;
- Најголемите животни резултати се продукт на упорна работа, а помалку на наследни особини.
- Правилно и на време усвоените работни навики се предуслов за успешно напредување на секоја индивидуа во животот.

## Како и кога треба да почне процесот на формирање и развој на работните навики?

# Формирањето на работните навики кај децата почнува .....



- со раѓањето, со доаѓањето во домот и семејството;
- со растот и развојот на детето, расте и неговото вклучување во животот во семејството, низ интеракцијата и активно учество во комуникацијата со останатите членови на семејството;

Во процесот на формирање потребно е да се исполнат два услови:

1. трпеливост
2. доследност
3. „зададени правила“ (јасно поставени и доследно почитувани) – помошници во процесот на формирање на работните навики кај децата

# Кој учествува во процесот на развој на работните навики кај децата?



Родителите во семејството



- воспитувачите во детските градинки
- наставниците во училиштата

# Како успешно да се развиваат работните навики кај децата/учениците?

- со активна партиципација
- соработка
- емпатиски однос
- во интеракција со другите
- со мотивациска поддршка

# Неколку практични совети кон водат кон успех!

1. поделете ги должностите во семејството;
2. не ги оптоварувајте децата со домашни обврски;
3. бидете пример за своето дете/ученик во извршувањето на своите должности;
4. определете одредено време и место за извршување на одделни задачи;
5. пофалете го детето/ученикот за вложениот труд;

6. помогнете во организацијата;
7. научете го детето/ученикот да управува со времето;
8. поттикнувајте го читањето и поставувањето на прашања;
9. овозможете му на детето квалитетен работен простор;
10. проверувајте периодично.

# На крајот .....

Проблемот на формирање на работни навики не е исцрпен во овој труд. Овде само се иницирани неколку клучни прашања.

За целосно проучување потребно е еден посеопфатен истражувачки потфат, интердисциплинарен и комплексен.

Но доколку нашиот предизвик е соодветен одговор на барањето на современото општество во кое партиципипираме, тогаш претставените размислувања се само иницијални, покренувачки сили кои го актуелизираат прашањето на формирање на работните навики кај децата како една од воспитните цели на наставата во исто време е социо-културен проблем но и предизвик на современото воспитание и образование.

**Да се живее, не значи да се дише, туку да се работи!**

***Жан Жак Русо***

БЛАГОДАРАМ

НА

ВНИМАНИЕТО!

